СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 839/2022
Дата..05.-05-.2022......

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија-биогасна централа од 3MW, на дел од КП 675/1, дел од КП 675/2 и дел од КП 661/1, КО Р'жаничино, Општина Петровец.**

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 6,4 ha. Површината за која се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 5,85 ha. Останатата површина влегува во плански опфат на село за кои се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Р'жаничино, КО Р'жаничино, Општина Петровец, со тех. бр. Y12120 и за истите издадено е Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП1 – 15 115/2021 од 10.02.2021 год.

Планскиот опфат на биогасната централа се граничи со плански опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на стоваришта, складови, отпади и дистрибутивен центар со складови и ТЦ 35kV во КО Р'жаничино, Општина Петровец, со тех. бр. Y33321 и за истите издадено Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП1 – 15 1840/2021 од 09.12.2021 год.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. Y02322 се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија-биогасна централа од 3MW, на дел од КП 675/1, дел од КП 675/2 и дел од КП 661/1, КО Р'жаничино, Општина Петровец, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија-биогасна централа од 3MW, на дел од КП 675/1, дел од КП 675/2 и дел од КП 661/1, КО Р'жаничино, Општина Петровец, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија-биогасна централа од 3MW, на дел од КП 675/1, дел од КП 675/2 и дел од КП 661/1, КО Р'жаничино, Општина Петровец, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 40560 од 25.01.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија-биогасна централа од 3MW, на дел од КП 675/1, дел од КП 675/2 и дел од КП 661/1, КО Р'жаничино, Општина Петровец. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 6,4 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија-биогасна централа од 3MW, на дел од КП 675/1, дел од КП 675/2 и дел од КП 661/1, КО Р'жаничино, Општина Петровец и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. **УП1-15 839/2022 од 03.05.2022 година.**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изградба на објекти за производство на енергија од обновливи извори на енергија-биогасна централа од 3MW, на дел од КП 675/1, дел од КП 675/2 и дел од КП 661/1, КО Р'жаничино, Општина Петровец и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk